السنّة النبوية وعلومها
www.sunnah.global

# „Шејтанот доаѓа кај некој од вас и прашува: ‚Кој го создаде ова? Кој го создаде она?’ Се додека не праша: ‚Кој го создаде твојот Господар?’ Кога ќе стигне до тоа, нека побара заштита од Аллах и нека престане да размислува за тоа.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Шејтанот доаѓа кај некој од вас и прашува: ‚Кој го создаде ова? Кој го создаде она?’ Се додека не праша: ‚Кој го создаде твојот Господар?’ Кога ќе стигне до тоа, нека побара заштита од Аллах и нека престане да размислува за тоа.“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува за ефикасниот лек против прашањата кои шејтанот му ги дошепнува на верникот: Па шејтанот вели: „Кој го создаде ова? Кој го создаде она? Кој ги создаде небото и Земјата?“ Па верникот одговара со својата вера, фитра и разум: „Аллах.“ Но, шејтанот не застанува тука со своите дошепнувања, туку продолжува додека не праша: „А кој го создаде твојот Господар?“ Во тој момент, верникот треба да ги одбие овие дошепнувања на три начини: Со иманот во Аллах. Со барањето на заштита од Аллах од проклетиот шејтан. Со прекинувањето на размислувањето за тие дошепнувања.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65013

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee